


# ЗАЕДНИЧКАТА ПРИКАЗНА

## ДЕТСКА ПРИКАЗНА ЗА ПАНДЕМИЈАТА

**Напишана и илустрирана од Роксана Оројан**



Планетата Земја, третата
планета од Сонцето, има
мноооогууу население.

Тоа е бескраен свет од
суштества, од најголеми до
најмали, микроскопски.

Понекогаш овие суштества добро се согласуваат меѓу себе. На пример, пчелите и цвеќињата.

Или портокаловото рипче и морските растенија.





Другпат, тие не се согласуваат. На пример, силниот натпревар меѓу тропската лиана и дрвјата.

Или бубачките од Колорадо коишто можат да ги изедат сите ливчиња од  растението на компирите.



Луѓето не соработувале многу добро со сите животни и заради нивната активност  дошло до исчезнување на некои видови животни. Како што е западниот црн носорог .
Или огромната желка Пинта.



Понекогаш, суштествата кои не се
согласуваат добро меѓу себе немаат
слична големина. Како на пример
газелата и лавот.





Другпат, едно суштество може
да биде многу многу поголемо
од другото. Само размисли за
големината на комарецот во
споредба со тебе!



Сега постојат суштества во светот коишто се толку мали што едвај можеш и да ги наречеш „суштества“.

Овие живи форми се микроскопски – тоа значи дека се толку многу мали што можеш да ги видиш само со микроскоп. Покрај нивната мала димензија, тие се способни да вознемират многу многу поголеми животински суштества. За нас тие се како што сме ние релативни со многу поголеми работи, како што се загадените океански води. Или оштетената озонска дупка. Или топењето на поларните мразови.

Сè е одлично меѓусебно поврзано овде на оваа планета наречена Земја. Третата планета од Сонцето којашто има тооолкуууу многу население.



Понекогаш овие микроскопски организми можат да навлезат во други многу поголеми живи суштества. Земи го за пример комарецот. Не може да влезе во тебе освен ако не го изедеш по грешка, така? Но, вирусот, екстремно мала работа која не можеш да ја видиш без микроскоп, може многу лесно да влезе во твоето тело.

Многу од живите микроскопски организми- исто така наречени микроорганизми- коишто навлегуваат во нашите тела се однесуваат на пријателски начин, па дури и ни помагаат. Всушност, повеќето од нив. Тие живеат внатре во нашите тела и помагаат да работат на здрав начин.

Но, другпат, тие не помагаат. И затоа сега ние имаме потреба да седиме дома толку многу. Надвор има нов микроскопски вирус којшто ги разболува луѓето. Најнов е. Ние, луѓето, почнуваме дури сега да учиме за него.



Токму сега, ако излеземе надвор каде што има мноогу луѓе, овие ситни работи за коишто сите зборуваат, Коронавирус- Корона овде, Корона онде- може да влезат во нашите тела. Преку нашето носе, преку нашата уста. Кој знае како? Но, тие можат.

Запомни, некои работи се големи, а
некои се многу многу мали. Големината
не е важна овде бидејќи некои работи
едноставно не се согласуваат меѓусебно
без разлика на големината.

И токму затоа сега имаме потреба да си ги
миеме рацете темелно и толку често.
И така малите нешта ќе бидат подалеку.
Или ќе исчезнат.

Сакаме да бидеме безбедни.
Сите ние. Заедно безбедни.
Ти и мама и тато.



Ти си млад и многу силен. Ти си многу посилен од овие мали нешта за коишто сите сега зборуваат. Но, дедо може да не е посилен. Дури иако тој е многу поголем. Затоа не ги гледаме толку често дедо и баба.

Дури и да седиме внатре и да ги миеме темелно и често рацете, овие мали нешта за кои сега сите зборуваат, сè уште може да бидат околу нас.

Секако, не би сакале да влезат кај дедо и баба.









Затоа не одиме на работа како
претходно. Но, сепак имаме потреба
да работиме од дома. Затоа и
ти не одиш надвор да си играш и
истражуваш. Затоа и не одиш повеќе
во градинка или на училиште.
Затоа не ги гледаш пријателите.
Знам дека многу ти недостасуваат.
Но, знаеш што? И ти ним им
недостасуваш. И тие седат дома
исто како и ти. И тие исто така имаат
потреба да ги мијат рацете темелно
и често. За да бидат далеку малите
нешта. Или да исчезнат.
Сите сакаат да бидат безбедни.





Сите ние. Заедно. Одвоени. Сакаме да бидеме безбедни.
Овие мали нешта за коишто сите зборуваат не се лоши.
Тие само не се согласуваат добро со нас, луѓето. Ние, луѓето, исто така не сме лоши
иако понекогаш нашите дејства уништуваат домови на други живи суштества на
планетата. Како озонската дупка. Или океанските води. Или животните во изумирање.
Сега се изолираме за да можеме да уживаме подоцна.
И да уживаме во животот на оваа планета.



Планетата Земја, третата
планета од Сонцето.
Што има тооолкуу
многу население.
Тоа е бескраен свет на
суштества, од најголеми
до најмали.
Ние учиме еден од друг.
Секој ден. Сите заедно.

Кога малите нешта ќе
престанат да ги
разболуваат луѓето, сите
ќе осознаеме повеќе.
Ќе бидеме подобри.
Ќе работиме подобро.
За нас.
За оваа планета.
Сите ние.
Заедно.

Но, за сега, имаме потреба да останеме безбедни. Внатре во домовите. Мора да ги миеме нашите раце темелно и често. И јас ви благодарам многу што го правите тоа. Заедно.



Само уште неколку работи...



Твоето милениче е безбедно од овие мали нешта за коишто сите зборуваат, нема потреба да ги миеш неговите шепи често.

Прашај го тато да игра „види како не допирам ништо“, игра која можеш да ја играш кога ќе излезеш надвор. Кога купувате храна или го шетате кучето. Но, можеш да го допреш твоето куче!




Играј си со мама „кое животно би можел да бидеш?“, кога ќе биде маската на лице, само замисли си: мечка, маче, зајак. Сè што сакаш! Можеби и ќе најдеш маркер во близина.



Запомни, можеш само да ја допреш твојата маска, но не и лицето, затоа што носот, очите и устата може да бидат влезот на овие мали нешта во твоето тело.



Порака од авторот за возрасните и родителите:
Секогаш да бидете исполнети со здравје, добрина, благодарност и креативност, вие, вашите деца и домовите!

Бескрајна благодарност до издавачот на ова дело, Кејт Радкин (Kate Rudkin).
Преведено од англиски јазик на македонски јазик од Јадранка Ангеловска Дуца.

Целиот текст и илустрацијата од оваа приказна припаѓаат на авторот.
Роксана Оројан 2020 © Сите права се задржани


roxana
oroian